**20191361963**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 13 став (2) од Законот за практикантство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ЗА СТЕКНАТИ ЗНАЕЊА, ВЕШТИНИ И КОМПЕТЕНЦИИ НА ПРАКТИКАНТОТ, ОПИСОТ НА ПРАКТИКАНТСКАТА РАБОТА И ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА ПРАКТИКАНТСКАТА РАБОТА

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на потврдата за стекнати знаења, вештини и компетенции на практикантот, описот на практикантската работа и времетраењето на практикантската работа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 127/19), се додава Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-4468/7
1 јули 2019 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Мила Царовска**, с.р.

Прилог

# П О Т В Р Д А

за стекнати знаења, вештини и компетенции на практикант, опис на практикантската работа и времетраење на практикантската работа

| Реден бр. | Содржина на потврдата | Податоци |
|---|---|---|
| 1. | **Податоци за практикантот** | |
| | Име и презиме | |
| | Адреса на живеење | |
| | Степен на образование | |
| | Единствен матичен број | |
| 2. | **Податоци за работодавачот** | |
| | Назив | |
| | Адреса/Седиште | |
| | Основна дејност | |
| 3. | Датум на почеток на практикантската работа | |
| 4 | Датум на престанок на практикантската работа | |
| 5 | Краток опис на практикантската работа (работните задачи на кои работел практикантот) | |
| 6. | Краток опис на стекнати знаења и вештини (теоретски и практични знаења, стекнати логични, креативни и практични вештини ) | |
| 7. | Краток опис на стекнати компетенции (учење и развој, комуникации, работа со други/тимска работа) | |

----------------------------                                        ------------------------------------------------

Ден, месец и година                                        Име, презиме и потпис на

одговорното лице